Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт, на ден 25.02.2026 година, донесе

## Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на магистрален оптички кабел Битола – Прилеп, со намена Е1.9 (телекомуникациски вод: меѓуградски подземен телекомуникациски вод), во КО Битола 5,КО Долно Оризари, КО Логоварди, КО Новаци вон град, КО Новаци, КО Добромири, КО Горно Агларци, КО Долно Агларци, КО Далбеговци, КО Дедебалци, КО Трап, КО Будаково, КО Добрушево вон град, КО Добрушево, КО Ношпал, КО Клепач, КО Тополчани, КО Веселчани, КО Алинци, КО Беровци, КО Ново Лагово, КО Прилеп, и КО Селце , Општина Битола, Општина Новаци, Општина Могила и Општина Прилеп, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт, www.mtc.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на магистрален оптички кабел Битола – Прилеп, со намена Е1.9 (телекомуникациски вод: меѓуградски подземен телекомуникациски вод), во КО Битола 5,КО Долно Оризари, КО Логоварди, КО Новаци вон град, КО Новаци, КО Добромири, КО Горно Агларци, КО Долно Агларци, КО Далбеговци, КО Дедебалци, КО Трап, КО Будаково, КО Добрушево вон град, КО Добрушево, КО Ношпал, КО Клепач, КО Тополчани, КО Веселчани, КО Алинци, КО Беровци, КО Ново Лагово, КО Прилеп, и КО Селце , Општина Битола, Општина Новаци, Општина Могила и Општина Прилеп, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за:рационална употреба на земјиштето, максимално вградување на супраструктурата и инфраструктурата со теренот, формирање на амбиентална целина, почитување и заштита на правото на човекот на работа, почитување и унапредување на пејсажните вредности, вградување на мерки за заштита и унапредување на животната средина, почитување на мерките за заштита и спасување, почитување на јавниот интерес,почитување на соседско право, почитување на позитивните законски прописи и нормативи од областа на урбанистичкото планирање и почитување на позитивните законски прописи од дадената намена. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна и функционална фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.

4. Согласно Решението од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. УП1-15 1249/2023 од 06.06.2023 година Урбаниот опфат на Просторниот План на Република Македонија, (издадено врз основ на Услови за планирање на просторот со тех.бр. технички број Y46622 од мај 2023 година) на подрачјето на проектниот опфат, нема одобрено урбанистичко планска ниту урбанистичко проектна документација, ниту за истите се води постапка.

5. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 67-1623/1
Датум: 25.02.2025
Место: Скопје

**МИНИСТЕР**
**АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ СКОПЈЕ · SHKUP